20181402719

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 јули 2018 година.

Бр. 08-4542/1
25 јули 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18 и 99/18), во членот 71 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) На трансакционата сметка од ставот (1) на овој член, можат да се депонираат и средства од основната жиро сметка на политичката партија, како и од посебните жиро-сметки за средствата обезбедени преку кредит. Политичката партија може да врши пренос од трансакциската сметка од ставот (1) на овој член на основната жиро-сметка на партијата.“.

Ставовите (7), (8), (9), (10) и (11) стануваат ставови (8), (9), (10), (11) и (12).

Член 2

Во членот 75-д ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Од денот на распишување на изборите па се до почетокот на изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (портали) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање, освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи.

(2) Огласите и соопштенијата за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи, трговските радиодифузни друштва треба да ги емитуваат само во означени рекламни блокови во рамките на дозволеното време за рекламирање на еден реален час емитувана програма во времетраење од вкупно шест минути, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу две минути, при што нарачателот треба да биде јасно означен.“.

Член 3

Во членот 75-ѓ ставот (1) се менува и гласи:

„(1) За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу четири минути, за политичките партии во опозиција можат да одвојат најмногу четири минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута.“.

Во ставот (4) точката се брише и се додаваат зборовите: „или интернет страници.“.

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Електронските медиуми (интернет порталите), доколку обезбедуваат платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, се должни во рок од три дена од денот на распишување на изборите, да се регистрираат во Државната изборна комисија. Електронските медиуми (интернет порталите) што нема да се регистрираат во Државната изборна комисија, нема да имаат право да користат финансиски средства за платено политичко рекламирање, обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

(7) Регистарот на електронски медиуми (интернет портали) се води врз основа на поднесено барање за упис до Државната изборна комисија, со прилог тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија, не постара од шест месеци.“.

Ставовите (6), (7) и (8) стануваат ставови (8), (9) и (10).

Во ставот (7) кој станува став (9) зборовите: „и електронските медиуми (интернет порталите)“ се бришат, а по зборовите: „распишување на изборите“ точката се брише и се додаваат зборовите: „а за електронските медиуми (интернет порталите) цената за искористен простор на интернет порталот за платено политичко рекламирање да не ја надминува просечната цена на рекламирање пресметана во последните три месеци пред денот на распишување на изборите.“.

По ставот (8) кој станува став (10) се додава нов став (11), кој гласи:

„(11) Учесникот во изборната кампања нарачател на платено политичко рекламирање кај радиодифузерите и печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) е должен да достави медиа план за платено политичко рекламирање.“.

Член 4

Членот 76-в се менува и гласи:

„(1) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите, а Државната изборна комисија за електронски медиуми (интернет порталите), во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

(2) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна од денот на распишување на изборите да доставува седмични извештаи до Државната изборна комисија, а за време на изборната кампања дневни извештаи и истите ги објавува на веб страницата на Агенцијата.

(3) Државната изборна комисија е должна од денот на распишување на изборите да води седмични извештаи за електронските медиуми (интернет порталите) кои ги исполнуваат условите од овој законик кои се однесуваат на платено политичко рекламирање, а за време на изборната кампања дневни извештаи и истите ги објавува на веб страницата на Комисијата.

(4) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувања на одредбите од овој законик, против радиодифузерот што ги повредил одредбите, да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд.

(5) Државната изборна комисија е должна во рок од 48 часа по утврдување на прекршувањата на одредбите од овој законик, против електронскиот медиум (интернет порталот) што ги повредил одредбите, да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд.

(6) Надлежниот суд е должен по барање за прекршочна постапка од ставот (4) на овој член да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на барањето.

(7) Против одлуката на надлежниот суд може да се изјави жалба во рок од 24 часа од приемот на одлуката.

(8) Второстепениот суд е должен по жалбата да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на жалбата.

(9) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку утврди прекршување на одредбите за избалансирано покривање на изборите од страна на Јавниот радиодифузен сервис, ќе поднесе предлог за покренување на постапка за разрешување на директорот на Јавниот радиодифузен сервис.

(10) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна во рок од 60 дена од денот на донесувањето на овој законик да донесе Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси, а Државната изборна комисија е должна во рок од 60 дена од донесувањето на овој законик да донесе Методологија за мониторинг на медиумското претставување преку електронските медиуми (порталите), за време на изборните процеси и истите ги објавуваат на своите веб страници.".

Член 5

По членот 76-г се додава нов член 76-д, кој гласи:

„Член 76-д

(1) За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Македонија, кои се исплаќаат на посебна сметка на Министерството за финансии.

(2) Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

(3) Ако одобрените средства се поголеми од реално направените трошоци во смисла на ставот (2) на овој член, остатокот од средствата, Министерството за финансии е должно да го врати на сметката на Буџетот на Република Македонија.

(4) Министерството за финансии ги исплаќа трошоците за објавеното платено политичко рекламирање врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали). Прилог на доставената фактура е медиа план и Извештај за реализирани услуги потврдени покрај од радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) и од учесникот во изборната кампања.

(5) Министерството за финансии ги исплаќа трошоците за објавеното платено политичко рекламирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали), на 12-тиот ден од денот на изборната кампања и десет дена по завршувањето на изборната кампања.".

Член 6

Во членот 85-а став (1) по зборовите: „печатените медиуми“ се додаваат зборовите: „и електронските медиуми (електронските портали)“.

Во ставот (3) по зборовите: „се поднесува“ се додаваат зборовите: „Министерството за финансии,“.

Член 7

Членот 86 се брише.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.